**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 29.04.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numer | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 1824 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** сите радиодифузери што емитувале радио и телевизиска програма во 2021 година

3. **Период опфатен со надзорот:** 2021 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 април 2022 година

5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 15 став 5 од Законот за медиуми** („Службен весник на РМ" бр. 184/13 и 13/14)
(„Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му достават писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа")

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Од вкупно 109 радиодифузери, 107[1] ја исполнија обврската да достават извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување во 2021 година, од нив 42 телевизии и 65 радија.

Во законски утврдениот рок, до 31 март во тековната година, извештаите ги доставија вкупно 31 телевизија и 54 радија.

---

[1] ТРД ИМПУЛС РАДИО ДООЕЛ с.Сушица, Ново Село не е опфатено во Извештајот, бидејќи дозволата за емитување ја доби во август 2021 година, а започна со работа подоцна во текот на годината.

Следниве радиодифузери ги доставија извештаите по 31 март 2022 година: ТВ КЛАН МАКЕДОНИЈА, ТВ ТОПЕСТРАДА, ТВ Едо, ТВ Шутел, ТВ Феста, ТВ Кочани, ТВ Канал 21, ТВ Здравкин, ТВ СВЕТ, ТВ Дуе, ТВ Г-ТВ, РА Лакоста, РА Свети Николе, РА Валандово, РА Чоки 5, РА Лав, Ра Скај Плус, РА Канал 77, РА Кочани, РА Александар Македонски, РА Хит ФМ и РА ПРО – ФМ.

ТВ ИРИС воопшто не достави писмен извештај. За радиодифузерот е направен посебен извештај за непочитување на одредбите од членот 15 став 5 од Законот за медиуми со предлог за изрекување мерка.

Според податоците од доставените извештаи, сите радиодифузери генерално биле во рамки на програмските концепти утврдени во дозволите за емитување.

Од анализата ги издвојуваме следниве податоци:

**Телевизии**

Во 2021 година, 40 телевизии од вкупно 43, неделно емитувале по 168 часа програма.

Во однос на структурата на емитуваната неделна програма: 26 телевизии не пријавија промени во однос на програмските концепти од дозволите за емитување; 16 телевизии пријавија дека во 2021 година направиле промени во однос на видовите програми со информативна, образовна и забавна функција и нивното времетраење *(7 телевизии направиле делумна промена кај некои од видовите програми од сите три функции, 6 телевизии направиле промена во програмите од две функции, а промена кај содржините од една функција направиле 3 телевизии)*.

Кај 30 телевизии до 50% од вкупната годишна програма била создадена надвор од нивните простории, а кај останатите, надвор била создадена повеќе од половина од емитуваната програма.

Телевизиите емитувале различен обем програма од сопствено производство. Главно се држеле во рамките на обемот пријавен во програмските концепти од дозволите. Од програмите од сопствено производство, кај 29 телевизии подеднакво биле застапени програмите од сите три медиумски функции (информативна/забавна/образовна), кај 5 телевизии биле застапени програми од две медиумски функции (информативна/забавна или информативна/образовна), а 7 телевизии емитувале сопствени програми што исполнуваат информативна функција. Кај 41 телевизија од вкупно 43, доминирале програмите од сопствено производство што исполнуваат информативна функција.

Од вкупно 32 регионални и локални телевизии кои имаат обврска за емитување програми во кои ќе третираат настани, информации и други содржини од подрачјето на кое го емитуваат програмскиот сервис, 28 телевизии известија дека локални информации доминантно обезбедиле во програми со информативна функција.

Во однос на обработката на седмичната програма според јазикот на емитување, просечно кај сите телевизии заедно доминирала програмата изворно создадена на јазикот од дозволата со 69 проценти. Потоа, следи титлуваната програма, нахсинхронизираната, а неколку телевизии пријавиле и одреден процент истовремено титлувана и нахсинхронизирана програма.

Програми за деца емитувале 34 телевизии. Над половина од нив, односно 22 телевизии минатата година емитувале програма и содржини прилагодени за лица со

сетилна попреченост, а 23 телевизии емитувале вести произведени од странски сервиси, поточно, вестите на *Гласот на Америка*.

Во однос на законската обврска за емитување на најмалку 30% македонски аудиовизуелни дела на дневно ниво, 32 телевизии изјавија дека емитувале повеќе од законскиот минимум, 10 телевизии биле во рамките на законскиот минимум, а една телевизија не одговори на прашањето.

Во текот на годината, 33 телевизии емитувале програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура, а вкупно 36 пак, емитувале домашна музика. На 8 од телевизиите, програмските сервиси се реемитувале во странство.

Вкупно 30 телевизии минатата година одржувале веб страници, но без алатки кои би им го олесниле пристапот на лицата со сетилна попреченост (оштетен слух и вид). На 27 телевизии, програмата или нејзини делови им била достапна и на интернет, во живо (стриминг), а кај 9 од нив, по барање (on demand).

Повеќе телевизии информираа за проблеми во работењето во 2021 година. Најголем процент од проблемите биле од финансиска природа.

**Радија**

Во 2021 година, од вкупно 66 радија, 65 имаа обврска да достават извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување. Импулс радио не е опфатено во Извештајот, затоа што доби дозвола за емитување во втората половина на 2021 година. Според доставените податоци, 60 радија неделно емитувале 168 часа програма, четири радија емитувале програма помалку од 168 часа и едно радио не одговори на ова прашање.

Кај сите радија во 2021 година доминирала музиката во структурата на емитуваната неделна програма.

Во говорниот дел од програмата, кај 31 радио доминирале содржините со забавна функција, кај 17 радија информативните содржини, а само кај две радија доминирале содржините со образовна функција. Кај три радија нема одговор на ова прашање, а едно радио емитувало еднаков процент на содржини со информативна и забавна функција. Во овие податоци не се вклучени 11 радија кои според форматот се музички радија и кај кои говорот изнесува до 5% од вкупната програма.

Четири радија, согласно дозволите за радио емитување, имаат обврска програмата да ја емитуваат на повеќе јазици. Кај две радија од нив, доминантен јазик бил македонскиот, при што содржините на македонски јазик едно од радијата ги емитувало во периодот од 6 до 22 часот. Кај едно радио преовладувал албанскиот јазик, а кај четвртото радио поголемиот дел од програмата бил на турски јазик.

Според доставените податоци, 26 радија емитувале сопствена програма до 20 часа на неделно ниво, 21 радио емитувало над 20 часа сопствена програма, а седум радија не одговориле. Ова прашање не се однесуваше на 11 радија кои според форматот се музички радија.

Од вкупно 65 радија, 36 пријавиле дека во 2021 година емитувале вести од сопствено производство и тоа: 14 радија емитувале кратки вести до 5 минути, 16 радија емитувале вести од 5 до 15 минути, две радија емитувале вести над 15 минути, а четири радија не го навеле времетраењето на вестите.

Вкупно 13 радија емитувале вести произведени од друг домашен радиодифузер, агенција или пак од странски сервис. Еднакво пренесувани биле вестите од *Гласот на Америка*, *МИА* и од *Радио Слободна Европа* (по три радија за секој сервис), две радија

емитувале вести од други две домашни радиодифузери, *МИА* и *Макфакс* (едно радио) и *Радио Слободна Европа* и *Гласот на Америка* (едно радио). На ова прашање не одговорија четири радија, а останатите 48 радија не емитувале туѓи вести.

На прашањето дали третирале настани, информации и други содржини од значење за подрачјето на кое се емитува програмскиот сервис, а кое важи за регионалните и локалните радија, 32 радија одговориле позитивно и тоа: девет радија третирале настани преку емисии од информативен карактер, четири радија од образовен карактер, кај четири радија настаните биле обликувани во содржини со забавна функција, девет радија посочиле дека емитувале содржини еднакво од информативна и забавна функција и шест радија третирале настани еднакво преку сите три функции, односно информативна, образовна и забавна. 18 радија не доставија детали за ова прашање, а 15 радија немаат обврска да одговорат на истото.

Од вкупниот број радија, само 20 пријавиле дека во текот на годината емитувале програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура. Кај 14 од нив времетраењето на програмите било до 100 часа, кај четири радија времетраењето било над 100 часа, а две радија не го навеле времетраењето на програмите. Во текот на годината, 42 радија не емитувале програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура, а три радија не одговорија на ова прашање.

Од вкупно 65 радија, 53 емитувале домашна музика која е изворно создадена во државата, на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се во мнозинство, шест радија не емитувале домашна музика и шест радија не одговорија на ова прашање. Популарната музика може да се издвои како најзастапена според структурата по вид кај 43 радија, 17 радија емитувале народна музика, а додека пак четири радија емитувале еднакво популарна и народна музика и едно радио не одговори на прашањето. Во однос на јазикот на емитуваната музика, преовладувал македонскиот јазик, а потоа музиката на англиски јазик.

Само осум радија пријавија дека во текот на 2021 година се соочиле со проблеми при исполнување на програмскиот концепт. Како доминантна причина (четири радија) се издвојуваат последиците од пандемијата со Ковид-19 што придонело за тешкотии во работењето.

Од вкупниот број на радија, две одговорија дека нивниот програмски сервис минатата година се реемитувал во државата, а кај две радија програмскиот сервис се реемитувал и во државата и во странство.

Од вкупно 65 радија, 15 радија немале своја веб страница. Само кај пет радија, веб сајтот бил достапен и за лица со сетилна попреченост (оштетен слух и вид).

Програмата на вкупно 50 радија во 2021 година била достапна на интернет.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***